РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09 - 929/3
07-02-2024
(2022)

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), на 99-та седница, прво продолжение, одржана на ден 30.01.2024 година донесе

## Одлука

Постапката по предметот бр. 09-1935/1 од 18.05.2021 година, поведена по пријава поднесена од непознат подносител, против __________, вработен во ЈЗУ Центар за јавно здравје _______________ развој **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека не е констатирана повреда на одредби од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, поради што нема елементи за натамошно постапување.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава од непознат подносител, оформи предмет број 09-1935/1 од 18.05.2021 година против _____________ поради сомневање за постоење на судир на интереси, во постапка за вработување во ЈЗУ Центар за јавно здравје ___________ како и ангажирање на неговиот брат ______________ како адвокат.

Имено, во пријавата е наведено дека лицето ___________ е правник во институцијата а воедно и управител во фирмата _______________ со која се ивршуваат услуги и се фактурираат од ___________. Воедно се наведува дека _____________ го одржува возниот парк на институцијата во приватната фирма на која неговиот брат _____________ е адвокат застапник.

Заради утврдување на фактичката состојба, согласно член 76 став 3 од ЗСКСИ, ДКСК пристапи кон прибирање податоци и информации, по што побара одговор и потребна документација од ЈЗУ Центар за јавно здравје ________. Одговор е доставен на 14.02.2022 година.

Врз основа на доставената документација се констатира дека лицето ____________ согласно доказот М1/М2 образец е распореден на работно место Раководител на одделение за Општо правно и кадрово работење согласно Договор за вработување на неопределено заверен под арх.бр. 0401-221/1 од 22.04.2015. Доставен е Договор за деловно техничка соработка склучен помеѓу ЈЗУ Центар за јавно здравје _________ со фирмата _____________ од 20.09.2019 година но истиот не е како јавна набавка туку како договор за деловно техничка соработка. Во фирмата _____________ лицето ______________ видно од Тековната состојба од Централен регистар од 30.06.2017 година е управител и сопственик.

По однос на тоа дали ЈЗУ Центар за јавно здравје ___________ има користено адвокатски услуги од братот ____________ и во кој временски период е доставен Договор за јавна набавка на

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

услуги (Адвокатски услуги ) склучен помеѓу адвокат _______________ и ЈЗУ Центар за јавно здравје __________ од 02.11.2015 година. На 03.02.2017 година е склучен нов Договор за деловна соработка (Адвокатски услуги) помеѓу Адвокат ____________ и ЈЗУ Центар за јавно здравје ____________ каде што истиот договор е раскинат со Договор за раскинување на договор од 15.08.2017 година. Во доставената документација доставена е прилог од Изјава за интереси од 12.11.2021 година за ____________ во кое што е наведено дека истиот е вработен во ЈЗУ Центар за јавно здравје ____________ и е сопственик-управител на ____________.

ДКСК констатира дека во времето кога е склучен Договорот за јавна набавка на услуги (Адвокатски услуги ) помеѓу ЈЗУ Центарот за јавно здравје _______и ____________ (брат на _________) од 02.11.2015 година, лицето _____________ не бил вработен во ЈЗУ Центар за јавно здравје ___________. Во однос на Договорот за деловно техничка соработка помеѓу ЈЗУ Центар за јавно здравје __________ и фирмата ____________, времето кога е склучен договорот лицето ____________ точно е управител на фирмата но договорот е потпишан од страна на еден од сопствениците _____________ видно од Историјатот од Централен регистар на РСМ.

Државната комисија на седницата одржана на 30.01.2024 година констатира дека во конкретната ситуација нема состојба на судир на интереси, од причини што ______________ како вработен во ЈЗУ Центарот за јавно здравје ____________ е службено лице и управител на фирмата _____________ и истиот нема влијание и ингренции при изборот на фирма при склучување на договори за јавна набавка и договор за деловно техничка соработка, односно како службено лице не учествувал во постапката за избор.

Овие околности укажуваат дека не постои состојба во која службеното лице можело да влијае при донесување на одлуките, поради што имајќи го во предвид погоре наведеното, Државната комисија одлучи како во диспозитивот на одлуката.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок од седница на ДКСК,
Изработил: Б.Џ, - советник
Контролирал: К.З-раководител
Одобрил: м-р Г.Т- член на ДКСК